# ‚Тоа е камен кој беше фрлен во Џехенемот пред седумдесет години и паѓаше сè до овој момент, кога конечно стигна до неговото дно.‘“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Бевме со Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога одеднаш се слушна силен звук, како нешто да падна. Тогаш пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Знаете ли што беше тоа?‘ Одговоривме: ‚Аллах и Неговиот пратеник најдобро знаат.‘ Тој рече: ‚Тоа е камен кој беше фрлен во Џехенемот пред седумдесет години и паѓаше сè до овој момент, кога конечно стигна до неговото дно.‘“
[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, слушна вознемирувачки звук, сличен на оној при пад на некое тело. Тогаш ги праша асхабите, Аллах нека е задоволен со нив, за тој звук, а тие одговорија со „Аллах и Неговиот пратеник најдобро знаат.“ Тогаш пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече дека овој звук што го слушнавте е од камен што беше фрлен од работ на Џехенемот пред седумдесет години. Тој непрекинато паѓаше и денес стигна до неговото дно, кога го слушнавте звукот.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee